# 2025/870

**ДЕЛЕГИРАНА РЕГУЛАТИВА (ЕУ) 2025/870 НА КОМИСИЈАТА**

**од 28 февруари 2025 година**

**за изменување на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 на Европскиот парламент и Советот во однос на повикувањата на одредбите од Чикашката конвенција**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот, од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството, и за изменување и дополнување на регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91([1]) на Советот, и особено член 19(3) од истата:

со оглед на тоа што:

(1) Воздухоплови, освен воздухопловите без екипаж, и нивните мотори, елиси, делови и опремата што не е вградена треба да ги исполнуваат условите за заштита на животната средина. Регулативата (ЕУ) 2018/1139 го предвидува ова со упатување кон определени одредби од Чикашката конвенција што ги содржат овие услови.

(2) На 20 март 2023 година, на петтиот состанок за време на 228-то Заседание, Советот на ICAO го усвои амандманот 14 на Том I „Бучава од воздухопловите“ од Анекс 16 на Чикашката конвенција, амандман 11 на Том II „Емисија на гасови од моторите на воздухопловите“ од Анекс 16 на Чикашката конвенција и амандман 2 на Том III „Емисија на $CO_2$ гасовите од воздухопловите“ од Анекс 16 на Чикашката конвенција. Овие измени и дополнувања влегоа во сила на 1 јануари 2024 година.

(3) Затоа, упатувањата кон одредбите од Чикашката конвенција треба да се ажурираат, а Регулативата (ЕУ) 2018/1139 треба соодветно да се измени.

(4) Мерките предвидени во оваа регулатива се засноваат на Мислењето бр. 02/2024 на Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството (EASA) во согласност со член 76(1) од Регулативата (ЕУ) 2018/1139,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

---

(1) Сл. весник. L 212, 22.8.2018 година, стр. 1. http://data.europa.eu/eli/reg/2018/1139/oj

*Член 1*

Во членот 9(2) од Регулативата (ЕУ) 2018/1139, првиот подстав се заменува со следново:

„Што се однесува на бучавата и емисијата на гасови, тие воздухоплови и нивните мотори, елиси, делови и опрема што не е вградена, се придржуваат кон условите за заштита на животната средина содржани во амандман 14 на Том I, во амандман 11 на Том II и во амандман 2 на Том III од Анекс 16 кон Чикашката конвенција, а сè од наведеното се применува од 1 јануари 2024 година.“.

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден по денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 28 февруари 2025 година.

*За Комисијата*

*Претседател*

Урсула ВОН ДЕР ЛЕЈЕН

-----------